РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

# ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

Скопје, септември 2024 година

Врз основа на член член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) и член 29 став (2) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), директорот на Управата за извршување на санкциите, на ден __________ година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Управата за извршување на санкциите бр. 01-901/1 од 16.04.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Управата за извршување на санкциите бр. 01-901/2 од 23.07.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Управата за извршување на санкциите бр. 01 -2303/1 од 17.12.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на Управата за извршување на санкциите бр.01-537/1 од 14.04.2022 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на Управата за извршување на санкциите бр.01-537/4 од 06.11.2022 година и Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на Управата за извршување на санкциите бр.01-38/3 од 10.01.2024 година.

Член 2

Во чл.11 Дел III Табеларен приказ на работните места во Управата за извршување на санкциите, во точката 1 Сектор за нормативно- правни, општи и управни работи, Одделение за општи и управни работи, работно место под реден број 8, шифра УПР 01 01 В01 000, звање Советник, назив на работно место Советник за управни работи во делот број на извршители, бројот „1” се заменува со бројот „2”.

Член 3

Во чл.11 Дел III Табеларен приказ на работните места во Управата за извршување на санкциите, во точката 1 Сектор за нормативно- правни, општи и управни работи, Одделение за општи и управни работи, работно место под реден број 9, шифра УПР 01

01 В02 000, звање Виш соработник, назив на работно место Виш соработник за управни работи во делот број на извршители, бројот „2" се заменува со бројот „1".

Член 4

Во чл.11 Дел III Табеларен приказ на работните места во Управата за извршување на санкциите, во точката 2 Сектор за стручен надзор на третман, безбедност и обука на кадри во КПУ и ВПУ, Одделение за обука на кадри во КПУ и ВПУ-Центар за тренинг и едукација, кај работно место 26, шифра УПР 01 01 В02 000, звање на работното место Виш соработник, назив на работното место Виш соработник за обука на вработените во Секторот за ресоцијализација во КПУ и ВПУ во делот вид на образование зборовите „политички науки, образование (педагогија), психологија" се заменуваат со зборовите „општествени науки".

Член 5

Во чл.11 Дел III Табеларен приказ на работните места во Управата за извршување на санкциите, во точката 3 Сектор за пробација, во Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Скопје I Скопје, кај работно место со реден број 40 шифра УПР 01 01 В01 000, звање на работно место Советник, назив на работното место Советник за извршување на пробациски работи во текот на судска постапка, во делот број на извршители, бројот „3" се заменува со бројот „4".

Член 6

Во чл.11 Дел III Табеларен приказ на работните места во Управата за извршување на санкциите, во точката 3 Сектор за пробација, во Одделение за извршување на пробациски работи за подрачјето на Основен суд Скопје I Скопје, кај работно место со реден број 43 шифра УПР 01 01 В04 000, звање на работно место Помлад соработник, назив на работното место Помлад соработник за алтернативни мерки, во делот број на извршители, бројот „8" се заменува со бројот „7".

Член 7

Согласно извршените измени на Правилникот за систематизација се прават промени и во табеларниот преглед како составен дел на Правилникот.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01 - 1398/1

18.09.2024 година

Скопје

ДИРЕКТОР НА УПРАВА
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ,
Александар Пандов